# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 13** | **Четврток, 27 Ноември 2025** | **Демир Капија**



**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 366 212, e-mail: opstinadk@yahoo.com**


## С О Д Р Ж И Н А


1. *Решение за формирање на Комисија за финансии и локален економски развој.......*
2. *Решение за формирање на Комисија за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и природата.......*
3. *Решение за формирање на Комисија за јавни дејности .......*
4. *Решение за формирање на Комисија за статут и прописи.......*
5. *Решение за формирање на Комисија за месна самоуправа.......*
6. *Решение за формирање на Комисија за еднакви можности на жените и мажите.......*
7. *Решение за формирање на Комисија за земјоделие и лозарство .......*
8. *Решение за определување претставници од членовите на Советот на општина Демир Капија во постапка за склучување бракови.......*
9. *Решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија.......*
10. *Решение за разрешување и именување на членови на Орган за надзор во Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија.......*
11. *Заклучок за повлекување на точка од дневен ред.......*
12. *Заклучок за повлекување на точка од дневен ред.......*
13. *Решение за формирање на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти.......*
14. *Оперативен план за дејствување во зимски услови на територијата на Општина Демир Капија 2025/2026 година......*
15. *Решение за разрешување и именување на членови во Управниот одбор на ОУ Дом на култура "Мирка Гинова" Демир Капија.......*
16. *Решение за разрешување на директор на јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија.............*
17. *Решение за именување вршител на должноста-директор на Јавно претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија.......*
18. *Решение за престанок на мандатот на директор на Општинско основно училиште Димче.А.Габерот Демир Капија...*
19. *Решение за именување вршител на должноста-директор на ООУ "Димче А.Габерот" – Демир Капија.......*
20. *Решение за разрешување од должноста директор на ЈОУДГ Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија.......*
21. *Решение за именување вршител на должноста директор на ЈОУДГ-Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ – Демир Капија.......*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за формирање на Комисија за финансии и локален економски развој**

Се објавува Решение за формирање на Комисија за финансии и локален економски развој, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2025 година.

Број 09–855/1
27.11.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 38 став 1 алинеја 2 од Статутот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.8/2005), Советот на општина Демир Капија на втората седница одржана на ден 25.11.2025 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање на Комисија за финансии и локален економски развој**

**1.** Се формира Комисија за финансии и локален економски развој, со мандат од 4 години, во состав:

1. **Мирјана Јаневски -** претседател;
2. **Владко Андонов -** член;
3. **Ивана Лазова -** член.

**2**. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 823/3
25.11.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за формирање на Комисија за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и природата**

Се објавува Решение за формирање на Комисија за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и природата, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2025 година.

Број 09–855/2
27.11.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 38 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.8/2005), Советот на општина Демир Капија на втората седницата одржана на ден 25.11.2025 година го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање на Комисија за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и природата**

**1.** Се формира Комисија за урбанизам, комунални работи и сообраќај, заштита на животната средина и природата со мандат од 4 години, во состав:

1. **Душан Трајков -** претседател;
2. **Мирјана Јаневски -** член;
3. **Соња Петровски -** член.

**2**. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 823/4
25.11.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за формирање на Комисија за јавни дејности**

Се објавува Решение за формирање на Комисија за јавни дејности, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2025 година.

Број 09–855/3 Градоначалник на
27.11.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 38 став 1 алинеја 4 од Статутот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.8/2005), Советот на општина Демир Капија на втората седница одржана на ден 25.11.2025 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање на Комисија за јавни дејности**

**1.** Се формира Комисија за јавни дејности со мандат од 4 години, во состав:
**1. Душан Трајков -** претседател;
**2. Јован Чапов -** член;
**3. Соња Петровски -** член.

**2**. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 823/5 Претседател на Совет на
25.11.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за формирање на Комисија за статут и прописи**

Се објавува Решение за формирање на Комисија за статут и прописи, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2025 година.

Број 09–855/4 Градоначалник на
27.11.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 38 став 1 алинеја 5 од Статутот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.8/2005), Советот на општина Демир Капија на втората седница одржана на ден 25.11.2025 година го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање на Комисија за статут и прописи**

**1.** Се формира Комисија за статут и прописи со мандат од 4 години, во состав:
**1. Јован Чапов -** претседател;
**2. Владко Андонов -** член и
**3. Димитар Симитчиев -** член.

**2**. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 823/6 Претседател на Совет на
25.11.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за формирање на Комисија за месна самоуправа**

Се објавува Решение за формирање на Комисија за месна самоуправа, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2025 година.

Број 09–855/5 Градоначалник на
27.11.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 38 став 1 алинеја 6 од Статутот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.8/2005), Советот на општина Демир Капија на втората седница одржана на ден 25.11.2025 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање на Комисија за месна самоуправа**

**1.** Се формира Комисија за месна самоуправа со мандат од 4 години, во состав:
**1. Владко Андонов -** претседател;
**2. Шабан Усинов -** член;
**3. Димитар Симитчиев -** член.

**2**. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 823/7
25.11.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за формирање на Комисија за еднакви можности на жените и мажите**

Се објавува Решение за формирање на Комисија за еднакви можности на жените и мажите, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2025 година.

Број 09–855/6
27.11.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 38 став 1 алинеја 7 од Статутот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.8/2005, 2/2008 и 12/2010) а согласно член 14 став 5 од Законот за еднакви можности на жените и мажите ("Службен весник на РМ" бр.6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и "Службен весник на РСМ" бр.53/21 и 39/25), Советот на општина Демир Капија на втората седница одржана на ден 25.11.2025 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање на Комисија за еднакви можности на жените и мажите**

**1.** Се формира Комисијата за еднакви можности на жените и мажите со мандат од 4 години, во состав:
**1. Душан Трајков -** претседател;
**2. Јован Чапов -** член;
**3. Ивана лазова -** член.

**2**. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 823/8
25.11.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за земјоделие и лозарство**

Се објавува Решение за земјоделие и лозарство, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2025 година.

Број 09–855/7
27.11.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 38 став 1 алинеја 8 од Статутот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.8/2005, 2/2008 и 12/2010), Советот на општина Демир Капија на втората седница одржана на ден 25.11.2025 година го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање на Комисија за земјоделие и лозарство**

**1.** Се формира Комисија за земјоделие и лозарство со мандат од 4 години, во состав:
**1. Владко Андонов -** претседател;
**2. Шабан Усинов -** член и
**3. Димитар Симитчиев -** член.

**2**. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 823/9
25.11.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за определување претставници од членовите на Советот на општина Демир Капија во постапка за склучување на бракови**

Се објавува Одлука за определување претставници од членовите на Советот на општина Демир Капија во постапка за склучување на бракови, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 25.11.2025 година.

Број 09–855/8
27.11.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 27 и 29 од Законот за семејството ("Службен весник на РМ" бр.80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15 и "Службен весник на РСМ" бр.53/21, 199/23 и 192/25), Советот на општина Демир Капија на 2-та седница одржана на ден 25.11.2025 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
за определување претставници од членовите на Советот на општина Демир Капија во постапка за склучување бракови

**1.** Во постапката за склучување бракови за подрачјето на Општина Демир Капија како претставници од Општина Демир Капија се определуваат сите членови на Советот на општина Демир Капија и тоа:

**1. МИРЈАНА ЈАНЕВСКИ**
**2. ИВАНА ЛАЗОВА**
**3. ДУШАН ТРАЈКОВ**
**4. ДИМИТАР СИМИТЧИЕВ**
**5. ЈОВАН ЧАПОВ**
**6. ЈУЛИЈА ИВАНОВА**
**7. ШАБАН УСИНОВ**
**8. ВЛАДКО АНДОНОВ**
**9. СОЊА ПЕТРОВСКИ**

**2.** Присуството на членот на советот на општината во постапка за склучување на брак ќе биде по пат на ротација на советниците.

Во случај некој од советниците да не е во можност од оправдани причини да присуствува секој член на совет должен е сам да си најде замена.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 823/10
25.11.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија**

Се објавува Решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2025 година.

Број 09–855/9
27.11.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 114 став 8 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), Советот на Општина Демир Капија на 2-та седница одржана на 25.11.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

За разрешување и именување на членови на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија

**1.** Од должноста членови на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија се **разрешуваат:**

**- Костадинка Велкова**
**- Маја Пандова**
**- Тања Петрова**
**- Милица Симитчиева**
**- Маринела Тегов**
**- Сања Лазаревска**

**2.** За членови на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија, со мандат од четири години се **именуваат:**

а) како претставници на основачот се именуваат:
**- Тамара Аврамова**
**- Костадинка Велкова**
**- Марија Петровска**

б) како претставник од установата се именува:
**- Добрилка Ристов**

в) како претставници од родителите на децата се именуваат:
**- Адриана Трајковска Петрова**
**- Даниела Ѓорѓиева**

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 823/11
25.11.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за разрешување и именување на членови на Орган за надзор во Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија**

Се објавува Решение за разрешување и именување на членови на Орган за надзор во Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2025 година.

Број 09–855/10
27.11.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и" Службен весник на РСМ" бр.202/24) а во врска со член 131 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), Советот на Општина Демир Капија на 2-та седница одржана на 25.11.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**За разрешување и именување на членови на Орган за надзор во Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија**

**1.** Од членови на Органот за надзор во Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија, за вршење на внатрешна контрола на работењето на детската градинка, се разрешуваат:

1) **Благој Јовановски**
2) **Мирјана Јаневски**
3) **Гордана Крстевска**

**2.** За членови на Органот за надзор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија, со мандат од четири години се именуваат:

1) **Елена Димитриева Стојанова**
2) **Роска Паланкова**
3) **Даниела Каранфилова**

**3.** Членовите на Органот за надзор од своите редови избираат претседател.

**4.** Органот за надзор ќе ги извршува своите надлежности согласно Законот за заштита на децата и сите други позитивни прописи и подзаконски акти.

**5.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 823/12
25.11.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за повлекување на точка од дневен ред**

Се објавува Заклучок за повлекување на точка од дневен ред, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2025 година.

Број 09–855/11
27.11.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на II-та седница одржана на 25.11.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
За повлекување на точка од дневен ред

1. Точката 11 "Предлог-Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на Управен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија", предлагачот ја повлече од дневен ред.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 823/13
25.11.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за повлекување на точка од дневен ред**

Се објавува Заклучок за повлекување на точка од дневен ред, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2025 година.

Број 09–855/12
27.11.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на II-та седница одржана на 25.11.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
За повлекување на точка од дневен ред

1. Точката 12 "Предлог-Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија", предлагачот ја повлече од дневен ред.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 823/14
25.11.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за формирање на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти**

Се објавува Решение за формирање на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2025 година.

Број 09–855/13
27.11.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) а во врска со член 3 од Одлуката за утврдување начин на стипендирање на талентирани ученици и студенти во општина Демир Капија ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.7/22), Советот на Општина Демир Капија на II-та седница одржана на 25.11.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти**

**1**. Од членови на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти во Општина Демир Капија, се разрешуваат:

1) Јулија Иванова
2) Милица Нацева
3) Јулијана Гацева
4) Евгенија Ѓорѓиев
5) Роска Ковацалиева

**2.** За членови на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти во Општина Демир Капија, **се именуваат**:

а) како претставници од советот на општината се именуваат:
**- Јован Чапов**
**- Јулија Иванова**

б) како претставници од општинската администрација се именуваат:
**- Тања Петрова**
**- Невенка Атанасова**

в) како претставник од основното училиште се именува:
**- Валентина Тодорова**

**3.** Мандатот на членовите на комисијата трае до истекот на мандатот на членовите на Советот.

**4.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 823/15
25.11.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Оперативен план за дејствување во зимски услови на територијата на Општина Демир Капија 2025/2026 година**

Се објавува Оперативен план за дејствување во зимски услови на територијата на Општина Демир Капија 2025/2026 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2025 година.

Број 09–855/14
27.11.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.05/2002) и член 34 точка 3 алинеја 2 од Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18, и ,,Сл. весник на РСМ” бр.215/21), Советот на општина Демир Капија, на седницата одржана на ден 25.11.2025 година, донесе

**О П Е Р А Т И В Е Н П Л А Н**
**ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА 2025-2026 ГОДИНА**

**В О В Е Д**

Општината Демир Капија согласно Законот за заштита и спасување (,,Сл.весник на РМ” бр.36/04, 49/04, 86/08, 85/09, 124/10, 18/11 и 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18, и ,,Сл. весник на РСМ” бр.215/21), превзема мерки и активности за навремено вклучување, попречување и отстранување на последиците што би ги предизвикале временските неприлики во зимскиот период како: интезивни врнежи од снег, голомразица, поплави, лизгање на земјиште, снежни наноси и др.

Оперативниот план за дејствување во зимски услови се изготвува од причина што и општината Демир Капија може да биде зафатена од овие временски неприлики, па така само за потсетување како пример од минатото треба да се споменат големите снежни врнежи во 1983/84 год. кога висината на снежната покривка во Демир Капија

достигна 119 см, потоа 2001/2002 год. снежната покривка достигна 70 см, обилните снежни врнежи 2011/2012, излевањето на река Бошавица во 1979 година при што се поплави левата страна од течението на реката, односно голем дел од централното градско подрачје и беа предизвикани и големи материјални штети. Исто така, општината Демир Капија обилни врнежи од дожд ја зафатија во месеците јануари и февруари 2015 година, кои што предизвикаа излевање на реките каналите и пороите, а со самото тоа беа поплавени деловни и станбени објекти, земјоделско земјиште и др.

Со цел спречување на поголеми последици од дејството на природните непогоди во зимски услови врз луѓето и материјалните добра, се превземаат превентивни и оперативни мерки и активности.

Во активностите за справување со последиците од природните непогоди покрај избраниот оператор со кој општината има склучено Договор за извршување на услуги за расчистување на локални патишта и улици во зимски услови, по потреба можат да бидат вклучени сите субјекти од јавен карактер – јавни претпријатија, како и приватните претпријатија, друштва и физички лица. Во оперативните мерки и активности во зависност од ситуацијата на терен може да бидат ангажирани и правните субјекти кои располагаат со соодветна механизација за отстранување на последиците од природните непогоди и други несреќи во зимскиот период.

Покрај ова, општината Демир Капија пред извесен период набави трктор марка TAFE 6530 4WD со приклучна механизација како што се: даска за снег, соларка, задна корпа (ровокопач) и др. со што дополнително ќе се зголеми оперативноста за ефикасно справување со последиците од поголеми снежни врнежи и други природни непогоди.

## I. Начин на финансирање за извршената работа

Општината Демир Капија во Програмата за одржување на локалните патишта и улици, има предвидено средства за одржување на локалните патишта и улици во зимски услови.

Во случаи кога снежната покривка е поголема од 10 сантиметри, Јавното комунално претпријатие ,,Бошава" од Демир Капија во својата годишна програма има предвидено рачно расчистување на снегот од јавните и сообраќајни површини – тротоари, како и тротоарите и сливниците на двата моста на река Бошавица.

Ова рачно расчистување на снегот е предвидено на главната улица ,,Маршал Тито" и тоа :

- од спојот со улицата "Првомајска" па до крајот на истата вклучувајќи ја и пешачката зона (плоштадот);
- дел од улицата ,,11 Октомври" до старите општински простории и понатаму се до спојот со ул. М.Тито кај Домот на културата и новите општински простории, како и мостовите на река Бошавица.

• Рачно чистење на снег и мраз во зимски услови

Во зимскиот период се задолжува ЈКП,,Бошава" да врши рачно чистење на снегот и мразот од јавно-прометните површини дадени во долната табела

| улица | опис | површина (м2) |
|---|---|---|
| ,,Маршал Тито" | Од спојот со ул. Првомајска вклучувајќи ја и пешачката зона (плоштадот), па заклучно со стариот мост, вклучувајќи ги и тротоарите на истиот. | 2113 |
| ,,11 Октомври" | Од спој со ул. Маршал Тито (кај јазот) преку првото вкрстување со улица Питу Гули, понатаму преку новиот мост на Бошавица и Улица број 3, до спој со ул. Партизанска; Од спојот со ул. Маршал Тито (плоштад) покрај Спортска сала до вкрстувањето кај старите општински простории. | 1560 |

Покрај рачното чистење на снег, од минатата зимска сезона 2024/2025г. ЈКП Бошава има на располагање и мултифункционална машина за чистење на јавни површини и тротоари (метларка), која во додатната опрема има и плуг за чистење на снег, со намена за чистење на тротоарите и пешачките патеки од снежна покривка.

Општина Демир Капија почнувајќи од 2008 година, секоја тековна година по пат на јавна набавка склучува Договор за извршување на услуги за одржување и расчистување на јавни површини-сообраќајници и локални патишта од снежни наноси, со субјект кој што располага со соодветна механизација за расчистување на снег, набавка на сол и ризла како и за спречување на штети од други природни непогоди во зимски услови (поплави, вадење

на дрвја од мостови од надојдени води, свлечишта и сл.)

Исплатата по извршена работа ќе се реализира по достава на фактура ,што е пак детално прецизирано во самите Договори.

ЈП ,,Македонија пат” подружница Велес – пункт Демир Капија, покрај своите редовни активности во зимски услови за расчистување на снегот од автопатот А1 (Е-75) како приоритетна задача, ги чисти и регионалните патишта, како и главната улица ,,Маршал Тито” во Демир Капија и тоа од клучката на влезот во Демир Капија па преку улицата ,,Првомајска” и Обиколницата се до својот пункт на улицата ,,Наум Наумовски”.

**• Регионални патни правци што ги чисти ,,Македонија пат” подружница Велес – пункт Демир Капија**

| р.број | ознака | патен правец | километри |
|---|---|---|---|
| 1. | Р-1102 | Д.Капија - Неготино | 18,0 |
| 2. | Р- 2137 | Д.Капија – Корешница-Бистренци –Војшанци | 9,3 |
| 3. | Р- 1102 | Д.Капија - Давидово | 27,5 |
| 4. | Р- 29171 | Д.Капија – Бесвица - Барово | 18,0 |
| 5. | Р-1102 (дел) и Р-29171 (дел) | клучка-влез во Д.Капија- пункт на ,,М. Пат” | 3,4 |

**II. Преглед на механизација и алати на субјекти од општина Демир Капија кои дополнително може да бидат вклучени во расчистување на улиците и патиштата**

| Ред. бр. | Носител на активноста | Вид на работни машини, возила | Алатки | Овластено лице |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ЈКП ,,Бошава” | Трактор ИМТ 539 Ferguson; ПП Цистерна марка FAP 13-13; Мултифункционална машина за чистење (метларка) Green Machines, со додатен плуг за чистење снег. | Лопати бр.8 Копачи бр.2 | Петар Јованов тел.043 366 261 070 266 629 |
| 2. | ЈП Национални шуми - подружница Д.Капија | Булдозер TG-110; камион- Mercedes 12/13; тер.возила: - Lada Niva (2 возила), Dacia Duster, џип UAZ (неисправен) | Лопати бр.10 Копачи бр .5 | Слободан Чапов 043 366 236 070 216 856 |
| 3. | Ѕвонко Димитриев Демир Капија | Скип – ICB 3 | | Ѕвонко Димитриев 071 323 749; 076 226 466 |
| 4. | ,,Мише Транс” | Булдозер TG-50; | | Атанас Трајков Тел. 070 612 119 |
| 5. | Андреј Стојов Демир Капија | Скип – ICB 3CX | | Андреј Стојов Тел: 071 882 355 |
| 6. | Трајче Тодоров Неготино | Скип – ICB 4CX | | Трајче Тодоров 078 324 945 |

**III. Активности и мерки за отстранување на последиците**

Заради брзо нормализирање на животот на подрачјето зафатено со природна непогода потребно е превземање на низа мерки и активности како:

- Проценка на штетите и последиците ;
- Санација на подрачјето во општината зафатено со природната непогода (Единица на локална самоуправа Демир Капија);
- Обезбедување и давање на неопходна помош на загрозеното население (ЕЛС-Демир Капија, Центар за социјални работи Неготино, Црвен крст Неготино);

- Спроведување на здравствени и хигиено – епидемиолошки мерки
 (Здавствен дом Неготино – преку Здравствена станица Демир Капија, и ПЗУ од Демир Капија);
- Обезбедување на снабдувањето и на комуналните услуги за брзо нормализирање на животот
(ЕЛС- Демир Капија, ЈКП ,,Бошава" Демир Капија, ЕВН и др.).

Во случај на појава на природни непогоди и други несреќи и во случај на прогласување на елементерна непогода Јавното комунално претпријатие ,,Бошава" од Демир Капија и другите претпријатија и служби, со механизација, алат и луѓе ќе бидат вклучени во расчистувањето-отстранувањето на последиците од природната непогода. Исто така ќе бидат мобилизирани општинскиот штаб и единиците за заштита и спасување кои се формирани од општината Демир Капија.

При мобилизација овие единици се ставаат во надлежност на Општинскиот штаб за заштита и спасување кој раководи со нивните понатамошни активности.

Доколку непогодата е од такви размери да локалните сили не можат да се справат со последиците од истата, на помош на овие сили ќе биде ангажирана и Дирекцијата за заштита и спасување со свои средства и единици.

**IV. Пропишување на оперативна постапка**

**Ракување со планот**

Ракувањето со плановите за заштита и спасување од природни непогоди, и други несреќи во зимски услови за подрачјето на општината Демир Капија вклучува континуирано ажурирање, периодично дополнување и наменски измени на содржината кои мораат на соодветен начин да се евидентираат.

За ажурирањето и дополнувањето како и водењето на евиденција одговара ракувачот на планот.

Ракувачот на оперативниот план е лице кое е овластено од Градоначалникот на општината да ракува и да го чува истиот.

**Употреба на планот**

Плановите за заштита и спасување од природни непогоди, и други несреќи во зимски услови на подрачјето на Општината се употребуваат врз основа на Одлуката што ја донесува Советот на општината, а во определени ситуации кога тоа го бара итноста на постапката, Одлука за употреба на овие планови може да донесе и Градоначалникот, како и Командантот на Општинскиот штаб за заштита и спасување.

Број 08 – 823/16
25.11.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за разрешување и именување на членови во Управниот одбор на ОУ Дом на култура "Мирка Гинова" Демир Капија**

Се објавува Решение за разрешување и именување на членови во Управниот одбор на ОУ Дом на култура "Мирка Гинова" Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 25.11.2025 година.

Број 09–855/15
27.11.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) а во врска со член 35 став 2 и член 38 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и Службен весник на РСМ бр.265/24 и 132/25), Советот на општина Демир Капија на 2-та седница оджана на ден 25.11.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За разрешување и именување на членови во Управниот одбор на ОУ Дом на култура "Мирка Гинова" Демир Капија**

**1.** Од членови во Управниот одбор на ОУ Дом на култура "Мирка Гинова" Демир Капија поради истек на мандат, се разрешуваат:
**- Сања Лазаревска**
**- Крсте Мелов**

**- Горан Ѓорев**
**- Александар Арсов**
**- Киро Јованов**

**2.** За членови во Управниот одбор на ОУ Дом на култура "Мирка Гинова" Демир Капија, со мандат од четири години се именуваат:

а) како претставници од редот на истакнати поединци од областа на културата:

**- Ивона Маркова**
**- Јован Петков**
**- Александар Арсов**

б) како претставник од локалната самоуправа:

- **Ристе Камчев**

в) како претставник од редот на вработените во установата:

**- Марија Петрова**

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 823/17
25.11.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 24-а став 2 в.в став 1 алинеа 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Градоначалникот на општина Демир Капија на ден 25.11.2025 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување на директор на јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија**

**1.** Со ова решение се разрешува Петар Јованов од Неготино-директор на јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА од Демир Капија, на негово барање, заклучно со 25.11.2025 година, пред истек на мандатот.

**2.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Демир Капија“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со решение на Градоначалникот на општина Демир Капија бр.09-406/1 од 19.05.2022 година, Петар Јованов од Неготино е избран за директор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА од Демир Капија, со мандат во траење од 4 години, сметано од 04.06.2022 година.

На ден 24.11.2025 година директорот на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија пред истекот на неговиот мандат до градоначалникот на оштина Демир Капија поднесе неотповиклива оставка од функцијата директор, заведена кај основачот со арх.бр.09-840/1 од 24.11.2025 година.

Согласно член 24-а став 1 алинеа 1 и став 2 од Законот за јавните претпријатија, директорот на јавното претпријатие се разрешува пред истекот на мандатот на негово барање, а градоначалникот на општината во случаите од ставот 1 на овој член ќе донесе одлука за разрешување на директорот.

Имајќи го предвид горенаведеното, Градоначалникот го разреши директорот пред истекот на неговиот мандат, односно донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна има право на жалба против ова решение од рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Број 09–840/2
25.11.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 24-а став 3 в.в став 1 алинеа 1 и став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Градоначалникот на општина Демир Капија на ден 25.11.2025 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување вршител на должноста-директор на Јавно претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија**

**1.**За вршител на должноста директор на јавно претпријатие за комунални работи

БОШАВА Демир Капија се именува ПЕТАР ЈОВАНОВ од Демир Капија, дипломиран шумарски инженер, вработен во Јавно претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија.

**2.**Вршителот на должноста директор ќе ги има сите права и обврски како директор на ЈКП Бошава Демир Капија.

**3.**Функцијата вршител на должност - директор ќе ја извршува сметано од 26.11.2025 година до избор на дирекор на ЈКП Бошава Демир Капија, но не подолго од шест месеци.

**4.**Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Демир Капија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Со решение на Градоначалникот на општина Демир Капија бр.840/2 од 25.11.2025 година, пред истек на мандатот, заклучно со 25.11.2025 година е разрешен Петар Јованов од Неготино-директор на Јавно претпријатие за комунални работи БОШАВА од Демир Капија.

Согласно член 24-а став 1 алинеа 1, став 2 и став 3 од Законот за јавните претпријатија, директорот на јавното се разрешува пред истекот на мандатот на негово барање. Градоначалникот на општината, во случаите од ставот 1 на овој член ќе донесе одлука за разрешување на директорот. До изборот на нов директор, градоначалникот на општината во рок од пет дена од донесувањето на одлуката од ставот 2 на овој член, именува вршител на должноста директор на јавното претпријатие, но не подолго од шест месеци.

Имајќи го предвид горенаведеното, до изборот на нов директор Градоначалникот го именува ПЕТАР ЈОВАНОВ од Демир Капија, дипломиран шумарски инженер, вработен во Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија за вршител на должноста директор на јавното претпријатие, односно донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна има право на жалба против ова решение од рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Број 09–844/1 Градоначалник на
25.11.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 116 став 1 алинеа 1 в.в член 109 став 7 од Законот за основното образование, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), Градоначалникот на општина Демир Капија на ден 26.11.2025 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандатот на директор на Општинско основно училиште Димче А.Габерот Демир Капија**

1.Со ова решение престанува мандатот на директорот на Општинско основно училиште Димче А.Габерот Демир Капија МЕНЧА НИКОЛОВА од Демир Капија, на нејзино барање, пред истек на мандатот, заклучно со 26.11.2025 година.

2.Поради престанок на мандатот на директор, лицето Менча Николова има право во рок од пет дена од денот на престанувањето на вршење на функцијата директор да се врати на работно место во училиштето каде работела пред да биде избрана за директор, на исто ниво со нивото на кое била пред да биде избрана за директор.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Демир Капија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Со решение на Градоначалникот на општина Демир Капија бр. 04-470/1 од 13.06.2022 година, Менча Николова од Демир Капија е избрана за директор на Општинско основно училиште Димче А.Габерот Демир Капија, со мандат во траење од 4 години, сметано од 01.07.2022 година.

На ден 25.11.2025 година директорот на Општинско основно училиште Димче А.Габерот Демир Капија пред истекот на мандатот до градоначалникот на оштина Демир Капија поднесе оставка од функцијата директор, заведена во општина Демир Капија со арх.бр.09-843/1 од 25.11.2025 година.

Согласно член 116 став 1 алинеа 1 од Законот за основното образование на директорот на основното училиште му престанува мандатот ако тоа сам го побара.

Согласно член 109 став 7 од Законот за основното образование, на наставник во училиште кој е избран за директор на основно училиште има право во рок од пет дена од денот на престанувањето на вршењето на функцијата директор на основно училиште, да се врати на работно место во училиштето каде работел пред да биде избран за директор на исто ниво со нивото на кое бил пред да биде избран за директор.

Имајќи го предвид горенаведеното, Градоначалникот донесе решение за престанок на мандатот на директорот пред истекот на

неговиот мандат, односно донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна има право на жалба против ова решение од рок од 15 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Број 09–843/2 Градоначалник на
26.11.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 118 став 4 и 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), Градоначалникот на општина Демир Капија на ден 26.11.2025 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување вршител на должноста-директор на ООУ “Димче А. Габерот” – Демир Капија**

**1.** За вршител на должноста директор на ООУ “Димче А. Габерот” – Демир Капија се именува Стојче Димитров од Демир Капија, дипломиран професор по математика и физика, вработен во ООУ “Димче А. Габерот” – Демир Капија.

**2.**Вршителот на должноста директор ќе ги има сите права и обврски како директор на ООУ “Димче А. Габерот” – Демир Капија.

**3.**Функцијата вршител на должност - директор ќе ја извршува сметано од 27.11.2025 година до избор на директор на ООУ “Димче А. Габерот” – Демир Капија, но не подолго од шест месеци.

**4**.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Демир Капија“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со решение на Градоначалникот на општина Демир Капија бр.09-843/2 од 26.11.2025 година, пред истек на мандатот, заклучно со 26.11.2025 година е разрешена Менча Николова од Демир Капија, директор на ООУ “Димче А. Габерот” – Демир Капија.

Согласно член 118 став 4 од Законот за основното образование, вршител на должноста директор се именува во случаи на предвремен престанок на мандатот на директорот, а согласно став 1 од членот 118, Градоначалникот во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста на директор од редот на вработените во училиштето кој ги исполнува условите за директор. Согласно став 5 од истиот член, вршителот на должноста директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеца од денот на неговото именување.

Имајќи го предвид горенаведеното, до изборот на нов директор Градоначалникот го именува Стојче Димитров од Демир Капија, дипломиран професор по математика и физика, вработен во ООУ “Димче А. Габерот” – Демир Капија за вршител на должноста директор на ООУ “Димче А. Габерот” – Демир Капија, односно донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение од рок од 15 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Број 09–852/1 Градоначалник на
26.11.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 124 став 1 алинеа 1 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), Градоначалникот на општина Демир Капија на ден 27.11.2025 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување од должноста директор на ЈОУДГ Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија**

1.Со ова решение ЗОРАН ДИМОВСКИ се разрешува од должноста директор на ЈОУДГ Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија, на негово барање, пред истек на мандатот, заклучно со 30.11.2025 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Демир Капија“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со решение на Градоначалникот на општина Демир Капија бр. 09-579/1 од 19.07.2022 година, Зоран Димовски од Демир Капија е избран за директор на ЈОУДГ Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија, со мандат во траење од 4 години, сметано од 01.08.2022 година.

На ден 26.11.2025 година директорот на ЈОУДГ Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија пред истекот на мандатот до градоначалникот на општина Демир Капија поднесе оставка од функцијата директор, заведена во општина Демир Капија со арх.бр. 09-851/1 од 26.11.2025 година.

Согласно член 124 став 1 алинеа 1 од Законот за заштита на децата, директорот на јавна установа за деца може да биде разрешен на лично барање.

Имајќи го предвид горенаведеното, Градоначалникот донесе решение за разрешување на директорот пред истекот на неговиот мандат, односно донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна има право на жалба против ова решение од рок од 15 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

| | |
|---|---|
| Број 09–851/2 | Градоначалник на |
| 27.11.2025 година | Општина Демир Капија, |
| Демир Капија | Наталија Димитриева с.р. |

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 126 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), Градоначалникот на Општина Демир Капија на ден 27.11.2025 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За именување вршител на должноста директор на ЈОУДГ-Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ – Демир Капија

**1.** За вршител на должноста директор на ЈОУДГ-Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ – Демир Капија се именува ГОРДАНА РИСТОВА од Неготино, дипломиран воспитувач, вработена во ЈОУДГ-Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ – Демир Капија.

**2.** Вршителот на должноста директор ќе ги има сите права и обврски како директор на ЈОУДГ-Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ – Демир Капија.

**3.** Функцијата вршител на должност - директор ќе ја извршува сметано од 01.12.2025 година до избор на директор на ЈОУДГ-Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ – Демир Капија, но не подолго од шест месеци.

**4**. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Демир Капија“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со решение на Градоначалникот на општина Демир Капија бр. 851/2 од 27.11.2025 година, пред истек на мандатот, заклучно со 30.11.2025 година Зоран Димовски е разрешен од должноста директор на ЈОУДГ-Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ – Демир Капија.

Согласно член 126 од Законот за заштита на децата, Градоначалникот во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста директор од редот на вработените во установата кој ги исполнува условите за директор.

Вршителот на должност директор не е должен да поседува лиценца за директор како и да поседува меѓународно признати сертификати.

Имајќи го предвид горенаведеното, до изборот на нов директор Градоначалникот ја именува Гордана Ристова од Неготино, дипломиран воспитувач, вработена во ЈОУДГ-Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ – Демир Капија за вршител на должноста директор на ЈОУДГ-Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ – Демир Капија, односно донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение од рок од 15 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

| | |
|---|---|
| Број 09–857/1 | Градоначалник на |
| 27.11.2025 година | Општина Демир Капија, |
| Демир Капија | Наталија Димитриева с.р. |

---